Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 120/0306
18.03 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 март 2020 година, врз основа на примена жалба од Ина Џугуманова, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Бабам Битола.мк“, со текстот насловен (Фото) Официјално сега имаме корона и во Битола!“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 6 и 8.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 февруари 2020 година, Ина Џугуманова поднесе жалба за текстот со наслов „(Фото) Официјално сега имаме корона и во Битола!“, објавен на интернет – порталот „Бабам Битола.мк“ (www.babambitola.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и дека во него нема разграничување меѓу рекламирање и новинарска содржина. Џугуманова вели дека со насловот на текстот се шири паника помеѓу граѓаните во сензитивен период кога се појавила информација за првиот регистриран случај на коронавирусот во Македонија.

*„Насловот погрешно ја информира јавноста со цел да послужи за поголема читаност на веста објавена на медиумот која всушност е и реклама на барот Bourbon street, а не на новинарска содржина“,* се посочува во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Бабам Битола.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 6 и 8.

***Член 6:*** *„Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспиви со новинарската професија. Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрација“.*

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 март 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за нестандарден новинарски производ, кој повеќе наликува на рекламен текст и се сведува единствено на наслов и две фотографии.

Без воопшто да води сметка за евентуалните последици кои може да ги предизвика во јавноста во екот на епидемијата на коронавирусот, медиумот објавува контроверзен наслов „Официјално сега имаме корона и во Битола!“. По отворање на веста се појавуваат две фотографии, една замаглена, а другата со рекламен натпис „Имаме корона“, поставен пред кафуле во Битола. Вака обработената содржина не може да се сфати поинаку, освен како чист сензационализам и манипулација и поигрување со чувствата на граѓаните во исклучително сензитивен период.

Оттука, Комисијата најде дека интернет – порталот „Бабам Битола“ го прекрши Кодексот на новинарите во **членот 8**, според кој начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Комисијата, во продолжение, во новинарскиот производ препозна и елементи кои упатуваат на таканаречено „скриено рекламирање“, со оглед на тоа дека, освен рекламата за пивото „Корона“, на истата фотографија е прикажан и натпис на кафе барот „Bourbon Street“ во Битола. Таквиот начин на обработка е недозволив во новинарската професија, а каков било промотивен текст мора да биде јасно издвоен од новинарските содржини. Под прикриено рекламирање, всушност, се подразбираат сите пропагандистички содржини кои по својата форма и начинот на подготовка наликуваат на автентичен новинарски текст, така што читателот/гледачот не може да ја разликува неговата пропагандистичка функција од новинарската содржина (на пример, многу прилози и текстови за „успешните“ приватни универзитети, новите производи или услуги на одредени компании). Во овој контекст, Комисијата се согласи дека во текстот е прекршен и **членот 6** од Кодексот на новинарите, според кој не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрација.

Комисијата, на крајот, констатираше дека порталот „Бабам Битола“, во меѓувреме, го отстранил оспорениот текст од веб – страницата, веројатно, воочувајќи ги пропустите во содржина. Во вакви случаи, Кодексот на новинарите налага дека, генерално, треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на интернет, а доколку тој се измени или тргне тоа мора да биде јасно назначено.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Бабам Битола.мк“ (www.babambitola.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595